СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ОДЛУКА

## за избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, април 2018 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола НО бр. 02-12149/1/I-2 од 13.6.2017 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на седницата одржана на ден 25.4.2018година донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

### Член 1

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за периодот три години, 2018, 2019 и 2020 година се определува Друштвото за ревизија „КПМГ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје.

### Член 2

Се овластува Управниот одбор на Банката со Друштвото за ревизија од член 1 од оваа Одлука да склучи договор во кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот на истите во согласност со дадената понуда.

### Член 3

Износот на средствата на надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-8525/1/II-8
Битола, 25.4.2018 година

Собрание
Стопанска банка а.д. Битола
претседавач

БИТОЛА

## О б р а з л о ж е н и е

### кон Одлуката за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

Во согласност со член 105 од Законот за банките („Сл. весник“ на РМ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), банката е должна да определи друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на годишните финансиски извештаи и трговските книги на Банката. Стопанска банка а.д. Битола презеде активности за избор на ревизорско друштво за вршење ревизија со доставување Барање за прибирање понуди за избор на друштво за ревизија за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Банката, во согласност со Законот за банките. Барањето за понуда се однесуваше на една (2018), две (2018, 2019), три (2018, 2019 и 2020) и пет деловни години (2018-2022).

Во транспарентниот процес за избор на друштво за ревизија, притоа имајќи ги предвид законските ограничувања за периодот на последователни ревизии, постоењето на можен судир на интереси поради тековни заеднички проекти со одредени друштва, потоа ценејќи ги искуствата од меѓународната финансиска практика и водејќи се од принципите на репутациски ризик за Банката, покани за учество беа испратени на три друштва за ревизија:

- „ПРАЈС ВОТЕРХАУС КУПЕРС“ ДОО Скопје;
- „КПМГ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје;
- „ДИЛОИТ“ ДОО Скопје

Одборот за ревизија по разгледување на пристигнатите понуди предлага да се избере Друштвото за ревизија „КПМГ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје за периодот од три години 2018, 2019 и 2020 година.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 28.2.2018 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштвото за ревизија „КПМГ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Стопанска банка а.д. Битола за периодот од три години 2018, 2019 и 2020 година и истиот го доставува до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување друштво за ревизија.

НО бр. 02-4283/1/I-3
Битола, 28.2.2018 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ